ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# АНАЛИЗА НА ЛИЧНИ ОДНОСИ И НЕПОСРЕДНИ КОНТАКТИ НА ДЕТЕ СО РОДИТЕЛ/БЛИЗОК СРОДНИК СО КОЈ НЕ ЖИВЕЕ ОДРЖУВАНИ ПОД НАДЗОР ВО КОНТРОЛИРАНИ УСЛОВИ ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО 2022 ГОДИНА

Изработиле:
Аленка Бинички Арсеновски
Емилија Раткова
Ана Павловска
Билјана Јарчевска

Скопје, јуни 2023 година

0. РЕЗИМЕ ............................................................................................3
1. ВОВЕД ............................................................................................ 4
1.1. ПРАВНА РАМКА ............................................................................................ 4
1.2. МЕТОДОЛОГИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНАЛИЗАТА ............................................. 5
1.3. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА АНАЛИЗА ............................................................................................5
2. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ............................................................................................6
2.1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ............................................................................................6
2.2. ДЕМОГРАФСКИ ОБЕЛЕЖЈА НА РОДИТЕЛИ И ДЕЦА ............................................. 10
2.2.1. Податоци за родители ............................................................................................ 10
2.2.2. Податоци за деца ............................................................................................ 11
3. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА ............................................................................................ 13
4. ПРОЦЕНКА ............................................................................................ 15
4.1. ПРИЧИНИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОНТАКТИ ПОД НАДЗОР ............................................. 15
4.1.1. Семејно насилство ............................................................................................ 16
5. СТРУКТУРА НА РЕШЕНИЕ ............................................................................................ 17
6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕШЕНИЕ ............................................................................................ 19
7. ПОСТАПУВАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ............................................. 21
8. ЕФЕКТИ ОД ЛОНК ПОД НАДЗОР ............................................................................................ 24
9. КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА И ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ ............................................. 26
9.1. СОСТОЈБА НА ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ И ОБЕЛЕЖЈА НА КОРИСНИЦИ ..................................26
9.2. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА ............................................................................................ 27
9.3. СТРУКТУРА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕШЕНИЕ ............................................................................................28
9.4. КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА ВО ПОСТАПУВАЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА…………………. ............................................................................................ 29
9.5. КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА ЗА ЕФЕКТИТЕ ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА ЛИЧНИТЕ ОДНОСИ И НЕПОСРЕДНИ КОНТАКТИ ПОД НАДЗОР ............................................................................................ 29
10. ПРЕПОРАКИ ............................................................................................ 30

# 0. РЕЗИМЕ

Според Законот за семејството родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности, а родителското право го вршат заеднички и спогодбено во согласност со потребите и интересите на децата. Во ситуации на развод на брак или разделба настануваат променети семејни околности кои бараат прилагодување и на возрасните, родителите-партнерите и на децата. Промените кои се случуваат во семејствата при развод или разделба се стресни искуства и може да предизвикат интензивни емоционални реакции. Не секогаш во тие ситуации родителите имаат капацитет да ја обезбедат потребната поддршка на децата. Во високо конфликтни разводи децата се во средиште на родителскиот конфликт што ја зголемува нивната вулнаребилност.

Кај детето нивото на стрес се зголемува кога родителите тешко се соочуваат со разводот, не се спремни за одговорно родителство во чуствителни новонастанати околности и при тоа не воспоставаат квалитетна родителска комуникација. Во вакви ситуации се јавуваат проблеми во однос на непречено одржување на лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее или подолг прекин на нивната непосредна комуникација и контакти. Праксата покажува дека родителското однесување, кое на некој начин го нарушува односот на детето со другиот родител се препознава преку градење наклонетост на детето, изоставување на другиот родител од разговор и контекст на животот на детето (особено добри искуства со него), пренагласување на мали пропусти на другиот родител, прекумерно контролирање и навлегување во времето кое детето го поминува со другиот родител, попречување и забранување на контакти, покажување тага и загриженост кога детето е со другиот родител, негативно карактеризирање и лажно обвинување на другиот родител за злоупотреба и сл.

Улогата на стручните работници во центарот за социјална работа е да ја препознаат емоционалната состојба и потребите на детето, да пружаат стручна помош на родителите преку едукативна, советодавна и советувалишна работа заради справување со ризиците на кои се изложени и да постигнат усогласеност за квалитетна родителска улога на двата родители во период на разделба и развод. Кога нема родителска усогласеност, контактите на детето со родителот со кој не живее или неговите блиски сродници се уредуваат со решение на центар за социјална работа. Во ситуации на подолг временски прекин на контакти, или кога детето пројавува отпор за контакт со родителот или постои некој дополнителен ризик по детето, видувањата на детето со родителот може да се уредат во контролирани услови во центарот за социјална работа под надзор/присуство на стручните лица заради следење на релацијата родителдете, нивното ревоспоставување, унапредување и надминување на состојбата.

Важно е да се нагласи дека постапувањето на стручните работници во центарот за социјална работа е од круцијално значење, почнувајќи од проценката на ризик и потреба од непосредно набљудување и опсервација на контактите на детето со родител/близок сродник, обезбедување на соодветни услови за нивна реализација, планирање и определување на очекуваните цели, период, динамика и времетраење на контактите под надзор, мониторинг, односно следење на состојбата на релацијата на детето со родител/близок сродник и истовремено зајакнување на родителски капацитети кога за тоа е исполнети услови.

Спроведувањето на евалуација на зададените цели и очекувани резултати кај детето и возрасните во сегменти кои се детектирани како ризик придонесува за благовремено утврдување на состојбата и ефектите заради проценка на потребата од продолжување или прекинување на контактите под надзор, а по потреба примена и на други мерки и активности за ублажување и намалување на изложеност на ризици и заштита на правата и интересите на детето.

Главна цел на одржување на лични односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник под надзор/присуство на стручни лица е очекување да се воспостават

или ревоспостават контактите и релацијата родител-дете, да се изгради однос на доверба и сигурност како и  емотивна блискост на детето со родителот или негови блиски сродници во согласност со најдобар интерес на детето. Ова не се однесува на ситуации кога е проценето дека е ризик по детето да има комуникација и контакти со родител поради утврдено грубо кршење на родителско право на родителот кој бара уредување на контактите, како што е семејно насилство, сексуално злоставување на дете и сл. сè додека не се создадат променети околности.

# 1. ВОВЕД

ЈУ Завод за социјални дејности согласно законските надлежности ги следи, истражува и анализира социјалните појави и проблеми кои, меѓу другото се однесуваат и на проблематиката на брак и семејство: за начин на вршење на родителско право, состојбите во однос на релација родител-дете при семејни и брачни конфликти, во услови на разделеност, развод и период по развод. Согласно Програмата на работа за 2023 година се реализираа активности за мониторинг и анализа над стручната работа и давање на социјални услуги во центрите за социјална работа во подрачјето на брак и семејство во делот на одржување лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник во контролирани услови, под надзор на стручни лица.

## 1.1. Правна рамка

Во надлежност на центарот за социјална работа е да решава за работите утврдени со семејно-правните одредби и да го уреди односот родител-дете меѓу кои спаѓа и правото на детето да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее, а исто така и родителот има право и должност за одржување на тие контакти. Постапката за уредување на видувања меѓу дете и родител со кого не живее се спроведува во случаи кога родителите се во брак и живеат одвоено, кога бракот е разведен односно бракоразводна постапка е во тек, кога детето е родено вон брак или во вонбрачна заедница, а детето не живее со родителите, и тоа во ситуации кога родителите не можат да се договорат околу одржувањето на личните односи и непосредни контакти со детето.

Согласно Законот за семејството[1] доколу родителите во рок од два месеци не се усогласат за начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти, за тоа центарот за социјална работа донесува решение. Со решението се определува начинот и динамиката на остварување на контактите кое се темели на целосна проценка на родителските капацитети и проценка на состојбата и развојните потреби на детето, квалитетот на односот дете-родител. Освен со родителот, центарот за социјална работа е надлежен за спроведување постапка за уредување на непосредни контакти на детето со родители и други блиски сродници на родител кој е починат, на кого му е одземено родителското право или од други причини е спречен да го врши родителското право.

Во специфични ситуации на висок ризик по детето како и при подолг прекин на контактите центарот за социјална работа може да донесе решение со кое ќе определи контактите на дете со родител/близок сродник да се одржуваат под надзор/присуство на стручни лица во простории на центарот со цел нивно ревоспоставување и потреба од дополнителна стручна помош и поддршка. Во пракса контактите под надзор се определуваат во ситуации кога однесувањето на родителот кон детето укажува на минато, акутно или потенцијално грубо занемарување или злоупотреба на родителското право, кога поради специфична состојба на детето или на

[1] Закон за семејството, Службен весник на РС бр.80/02,  9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 157/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 153/14, 104/15, 115/15, 150/15 и Службен весник на РСМ бр.53/21.

родителот е утврден висок степен на ризик по безбедноста и/или здравјето на детето, како и кога постои ризик од семејно насилство.

## 1.2. Методологија на спроведување на анализата

За потребите на анализата користена е описна статистика преку собирање, организирање, анализирање, резимирање и илустрирање на податоци или резултати. Податоците и информациите се однесуваат на: причини за донесување на решение, услови и начин на реализација, евалуација и ефекти; фактичка состојба и постапки на центар за социјална работа; преземени мерки и активности на стручни работници во центар за социјална работа; одредени квалитативни и квантитативни обележја на родителите (брачен статус, степен на образование, возрасна група, националност) и на децата (број, пол, возрасна група, статус, вклученост во воспитно-образовен процес).

За собирање на податоците се подготви прашалник насловен како „*Прашалник за предмети со решение за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете/деца со родител или блиски сродници со кои е определено контактите да се одвиваат под надзор*“. Прашалникот е составен од 40 прашања и е наменет на водителот на случај/стручен работник во центарот за социјална работа кој електронски го пополнува одделно за секој предмет во кој има решение со кое контакти на детето со родител со кој не живее/близок сродник е определено да се одвиваат под надзор/присуство на стручни лица. Целна група се случаи, односно донесени, активни и завршени решенија во текот на 2022 година и активни/завршени до февруари 2023 година. Со прашалникот до центрите за социјална работа е приложено упатство за начинот на пополнување.

Со цел едноставно, брзо и економично создавање, дистрибуирање и пополнување на прашалникот и анализа на резултатите беше применета веб-апликација Google Forms со користење на соодветна алатка на која се креираше и дизајнираше прашалникот, се дефинираа прашањата, се спроведе дистрибуција до центрите за социјална работа, се сумираа податоциите и се искористи графичко претставување на добиените податоци од самата апликација со соодветен дијаграм.

Согласно форматот на апликацијата за потребите на квантитативна обработка на податоците прашањата се поставени во форма со зададени/понудени повеќе одговори. На некои прашања е дадена можност да се определи само еден одговор, некои се со можност на определување на повеќе одговори. За добивање на дополнителни информации за квалитативна анализа, дел од прашањата се со  можност за наративен коментар, кај одредени прашања коментарот е означен како задолжителен со цел да се добијат појаснувања на означен/и одговор/и.

**1.3. Предмет и цел на анализа** Предмет на анализата се податоците и информациите добиени од прашалниците за утврдување на состојбите на правото на детето да одржува контакти со родител/близок сродник со кој не живее преку реализација на решение со кое е определено контатктите да се одвиваат под надзор.

Анализата има за цел да ја утврди состојбата по однос на следното:

1. Основни податоци
2. Демографски обележја на родители и деца опфатени со решенија
3. Семејна структура и статус
4. Детектирани состојби, ризици и причини за определување на контакти под надзор
5. Постапување на ЦСР

6. Начин на реализација и следење на решенија
7. Ефекти од реализација на контактите под надзор

# 2. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

Добиените информации од анализата се во насока на утврдување на пракса на примена на мерка на заштита на правото и интересите на детето со одлука контактите да се одвиваат под надзор и препораки за унапредување на стручната работа во центрите за социјална работа во постапки за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник во контролирани услови под надзор на стручни лица.

## 2.1. Основни податоци

Од добиените информации од триесет центри за социјална работа, во определениот период во девет центри за социјална работа биле донесени решенија за уредување на лични односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник (ЛОНК) под надзор. Имено, вкупно биле донесени педесет и осум (58) решенија за кои се пополнети прашалници, а добиените податоци се обработени и се предмет на анализата.

**Табела 1. Преглед на број на донесени решенија во центри за социјална работа во 2022 година**

| **Центар за социјална работа** | **Број на донесени решенија под надзор** | **Вкупен број на донесени решенија за ЛОНК во ЦСР** |
|---|---|---|
| Битола | 1 | 140 |
| Велес | 1 | 65 |
| Кавадарци | 1 | 155 |
| Кичево | 3 | 31 |
| Неготино | 2 | 5 |
| Охрид | 1 | 129 |
| Свети Николе | 2 | 47 |
| Скопје | 45 | 1178 |
| Штип | 2 | 36 |
| **Вкупно** | **58** | **1786** |

Од податоците со кои ЈУ Завод за социјални дејности располага за вкупниот број на донсени решенија за регулирање на лични односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник со кој не живее добиени од годишните извештаи на центрите за социјална работа за 2022 година, (Табелата 1) се констатира дека во девет наведени центри за социјална работа

вкупно било донесено 1786 решенија, од кои 3,2% се однесува на решенијата под надзор. На ниво на центар за социјална работа, бројот на решениијата под надзор споредбено со вкупиот број на решенија во центарот е незначителен, со исклучок на ЈУ МЦСР Неготино во кој од вкупно пет решенија, две се донесени под надзор.

Во ЈУ МЦСР на град Скопје како град со најголем број на општини и жители последователно и на корисници во вкупниот број на донесените решенија во наведените центри за социјална работа партиципира со 66%. Од вкупниот број на решенијата под надзор 77% биле донесени во центарот за социјална работа во Скопје.

Едно од значајните прашања се однесува на време на траење на решението, односно период на активност. Од увидот во податоците на датумите на донесување на решенијата и на состојбата во време на пополнување на прашалникот (февруари/март 2023 г.) се констатира дека од вкупно 58 решенија две се укинати, односно 56 се активни и се во сила во периодот на пополнување на прашалникот.

**Табела 2. Преглед на активни решенија во март 2023 година**

| Година на донесување на решение | Број на активни решенија во 2023 година |
|---|---|
| 2017 | 1 |
| 2020 | 1 |
| 2021 | 3 |
| 2022 | 40 |
| 2023 | 11 |
| **Вкупно** | **56** |

Од табелата 2 е евидентно дека во текот на 2017, 2020 и 2021 година се донесени пет решенија кои се активни и во 2023 година. Од детален увид во податоците од прашалниците се добиени информации дека кај дел од нив (3) контактите не се реализираа.

Согласно Законот за семејството центарот за социјална работа има надлежност да спроведува постапки кои се однесуваат на релација родител-дете. Значаен елемент при проценка и одлучување за начинот на кој ќе се реализират контактите претставува истовремено спроведување на други постапки во центар за социјална работа, а кои се од областа на брак и семејство.

Прашалникот даде можност да се одберат повеќе понудени одговори/постапки со цел да се утврди кои се постапки се воделе во центарот за социјална работа во периодот на спроведување на постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти. Добиени се податоци дека во 55% од вкупниот број на случаи во центарот за социјална работа не се водела истовремено друга постапка која се однесува на областа брак и семејство.

**Табела 3. Преглед на постапки во ЦСР во време на донесување на решение за контакти под надзор**

| Постапки во ЦСР | Број на случаи |
|---|---|
| Немало друга постапка | 32 |

| | |
|---|---|
| Стручна помош во надминување на партнерски/брачен конфликт | 4 |
| Мировна постапка и доверување | 12 |
| Постапка за измена на судска одлука за доверување | 2 |
| Постапка за привремена судска мерка за доверување | 1 |
| Постапка за согласност за патната исправа за детето | 2 |
| Спроведување на надзор над родителското право | 5 |
| Примена на мерки на заштита од семејното насилство | 14 |
| Ставање на детето под старателство | 1 |

Во преостанатите случаи во кои се постапувало и по други ризици (26), во најголем број се водела постапка со мерки за заштита од семејно насилство (53%) и мировна постапка и доверување (46%).

Во табелата 4 се сумирани податоците за случаи кои во истиот период биле предмет на постапување во центарот за социјална работа по повеќе ризици. Од вкупниот број, во осум случаи при решавање на начинот на одржување на лични односи и непосредни контакти под надзор се спроведувале две или повеќе постапки.

**Табела 4. Преглед истовремено спроведување на постапки со регулирање на контактипод надзор**

| Постапки во ЦСР | Број на случаи |
|---|---|
| Стручна помош во надминување на партнерски/брачен конфликт<br>Примена на мерки на заштита од семејно насилство | 2 |
| Мировна постапка и доверување<br>Примена на мерки на заштита од семејно насилство | 4 |
| Мировна постапка и доверување<br>Спроведување на надзор над родителското право | 1 |
| Стручна помош во надминување на партнерски/брачен конфликт<br>Мировна постапка и доверување<br>Спроведување на надзор над родителското право<br>Примена на мерки на заштита од семејното насилство | 1 |
| Постапка за измена на судска одлука за доверување<br>Примена на мерки на заштита од семејното насилство | 1 |
| Постапка за измена на судска одлука за доверување Постапка за привремена судска мерка за доверување<br>Примена на мерки на заштита од семејното насилство | 1 |
| Мировна постапка и доверување<br>Постапка за согласност за патна исправа за детето | 1 |
| Стручна помош во надминување на партнерски/брачен конфликт | 1 |

Податоците укажуваат на најчеста поврзаност на постапките во делот на нарушени брачни/партнерски односи и доверување на дете по судско барање и преземање на мерки на заштита од семејно насилство. Во услови на висококонфликтни партнерски и родителски релации и семејно насилство, дополнителна заштита на дете од изложеност и последиците на овие ризици е овозможување на правото на детето на непосредни контакти со другиот родител да се реализираат под надзор.

Во Законот за семејството е определено правото на детето да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот/и со кој/и не живее, а во одредени околности и со негови блиски сродници при што може да се определи контактите да се одвиваат во природна средина на детето или во контролирани услови.




**Слика 1: Со кого се уредени лични односи и непосредни контакти**

Податоците укажуваат дека во најголем број (35) на случаи контактите биле уредени со таткото, потоа со мајката (15), во пет со близок сродник по татко и во два со близок сродник по мајка. Ова е во корелација со состојбата со кого детето живеело во тој период.

Центарот за социјална работа постапува по барање на родителите и нивните блиски сродници, а кога ќе процени дека е во интерес на детето има можност по службена должност да направи измена на определената динамика во решението и да одлучи контактите да се одвиваат под надзор.




**Слика 2: По чие барање било донесено решение**

Од податоците е евидентно дека во 15,5% од случаи решенијата биле донесени по службена должност. Од детален увид во податоците се доби информација дека против шест решенија била поднесена жалба.

Законот за општа управна постапка[2] предвидува можност на решението да се вложи правен лек, односно да се поднесе жалба. Добиени се податоци дека на 60% од решенијата немало жалба. Вкупно биле поднесени дваесет и четири жалби (12 од татко и 12 од мајка), три биле уважени што значи дека во 87% жалбите биле одбиени, а во време на пополнување на прашалникот во тек била второстепена постапка по три решенија.

[2] Закон за општа управна постапка, Сл.Весник на РСМ 124/15 и 65/19

## 2.2. Демографски обележја на родители и деца

Прашалникот ги содржи основните статистички податоци за родителите и децата кои се вклучени во постапка за регулирање на лични односи и непосредни контакити надзор. Целта е добивање на општа слика за родителите и децата и увид во евентуални значителни отстапувања.

### 2.2.1. Податоци за родители

Основни податоци за родителите се однесуваат на брачен статус, степен на образование, возрасна група и етничка припадност.

**Табела 5. Преглед на брачен статус на родители во време на донесување на решение**

| Брачен статус | Број на случаи |
|---|---|
| Разделени брачни партнери | 7 |
| Прекината вонбрачна заедница | 1 |
| Бракоразводна постапка во тек | 11 |
| Разведен брак | 34 |
| Еден родител починат | 5 |

Податоците укажувааат дека во најголем број на случаи контактите кои се уредуваат под надзор се во постразводен период (58%) и во текот на бракоразводна постапка (19)%. Постојат и ситуации кога родителите се разделени, без започнување на постапка за развод на брак и ситуации кога едниот родител е починат (8,6%) контактите се уредувале со неговите блиски сродници.

**Табела 6. Преглед на податоци на степен на завршено образование на родителите**

| Родител | Без основно | Со основно | ВКВ | ССС | ВШС | ВСС | М-р | Д-р | ЦСР нема податок |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мајка | 0 | 1 | 1 | 30 | 1 | 18 | 3 | 0 | 4 |
| Татко | 0 | 1 | 1 | 33 | 1 | 17 | 0 | 0 | 5 |
| **Вкупно** | **0** | **2** | **3** | **63** | **2** | **35** | **3** | **0** | **9** |

Податоците кои се оденесуваат на степенот на образование на родителите покажуваат дека по овие индикатори во вупниот број (116 родители) нема значителни разлики меѓу родителите: во 54% двата родитела се со средно образование, а 30% се со високо образование, а за девет родители е одговорено дека во центарот нема податок за образовниот статус на родителите.

**Табела 7. Преглед на податоци на родителите по возраст**

| Родител | 16-18 | 18-21 | 21-25 | 25-30 | 30-35 | 35-40 | 40-50 | 50-60 | над 60 | почи-нат | нема под. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мајка | 0 | 0 | 1 | 4 | 16 | 15 | 17 | 0 | 0 | 1 | 4 |
| Татко | 0 | 0 | 1 | 3 | 12 | 10 | 20 | 6 | 0 | 2 | 4 |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **2** | **7** | **28** | **25** | **37** | **6** | **0** | **3** | **8** |

Во време на донесување на решенијата за контакти под надзор, најголем број на родители, 77% од вкупниот број биле во распон од 30-50 годишна возраст, а евидентно од табелата најмногу меѓу 40 и 50 години. Во возрасната група од 50-60 години за разлика од мајките, се јавуваат само татковци. Нема родители на млада возраст до 21-ва година, има по еден во следната возрасна група до 25 годишна возраст, а мала бројка е и во распонот од 25-30 години. Податоците за починати родители укажуваат дека во тие случаи контактите се уредувале со нивните блиски сродници. За осум родители е одговорено дека центарот не располага со инфромација за возраста на родителите.

**Табела 8. Преглед на родителите по етничка припадност**

| | **Македон-ска** | **Албанска** | **Ромска** | **Турска** | **Влашка** | **Бошњачка** | **Српска** | **Друго** | **Непознато** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мајка | 51 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Татко | 49 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 |
| Вкупно | 100 | 7 | 2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 |

Податоците покажуваат дека нема значителни разлики во делот на етничката припадност на татко и мајка во случаи во кои има решение со кое е определено контактите на детето да се одвиваат под надзор. Од вкупниот број 86% родители се од Македонска етничка припадност.

### 2.2.2. Податоци за деца

Податоците за децата од прашалникот се однесуваат на вкупниот број на деца опфатени со решенијата, на бројот на децата во секое решение, пол, возрасна група, вклученост во воспитно-образовен систем, статус и фактичка состојба во време на донесување на решението.

Вкупниот број на деца опфатени со решение за контакти под надзор изнесува седумдесет и четири (74), од кои 55% се од женски пол (41), односно 45% од машки пол (33), што не претставува значителна разлика по однос на полот на децата.

Кај повеќедетни семејства во ситуации на разделеност и развод најчесто сите деца живеат со еден родител, а со другиот одржуваат контакти. Понекогаш децата се разделени, а од добините информации во случаи кои се предмет на анализа нема разделени деца, односно децата живеат заедно со еден од родителите или на друг начин се заштитени.




**Слика 3: Број на деца опфатени со решение**

Податоците покажуваат дека во постапките биле вклучени семејства и родители со повеќе деца ценејќи го правото на секое дете да одржува контакти со родител/близок сродник со кој не живее. Во четриесет случаи (69%) решението се однесува на едно дете, додека во 31% случаи со решение се уредени контакти на две, односно три деца.

Секое дете има право да одржува контакти со родителот со кој не живее, од најрана ворзаст по нивното разделување. Податоците од прашалниците покажуваат дека со решение за контакти под надзор биле опфатени деца од сите возрасни групи.

**Табела 9. Преглед на бројот на деца по возрасна група**

| Возрасна група | Број на деца |
|---|---|
| До 2 години | 7 |
| 2-5 години | 18 |
| 5-7 години | 11 |
| 7-10 години | 8 |
| 10-12 години | 9 |
| 12-14 години | 11 |
| 14-16 години | 9 |
| 16-18 години | 1 |
| Вкупно | 74 |

Во делот на возрасната група на деца може да се констатира дека во најголем број децата се на возраст од 2-5 години, што укажува на краток временски период на траење на брачна заедница и разделување на родителите на мала возраст на детето. Очекувано е дека на возраст над шеснаесет години да има мал број на постапки со кои лични односи и непосредни контакити се уредени под надзор, со оглед на развојната категорија на децата и нивното јасно изразување на желби и мислење по ова прашање на оваа возраст.

Податоците за вклученост на детето/цата во воспитно-образовен систем во време на донесување на решението на контакти под надзор укажуваат дека од вкупниот број 11% од

децата не биле вклучени во воспитно-образовен систем. Се работи за деца на помала возраст, од родител кој има ресурси на поддршка во домот, односно кои биле чувани од член на семејство.

По потеклото, или статустот на детето во Законот за семејството е уредено дека деца родени во брак и во вонбрачна заедница, односно од вонбрачни партнери се изедначени во правата, како и родителите во нивните права и обврски. Од добиените податоци, од вкупниот број (58), во три случаи децата се на вонбрачни родители, односно во 95% случаи децата се родени во брачна заедница. Ваквата состојба е во корелација со податоците кои се однесуваат на деца родени во брак и вон брак, а кои се влезени во системот на социјална заштита.

Податоците за фактичката состојба во време на донесување на решението, со кого дете/ца живело во тој период укажува дека во најголем број на случаи е со мајка (39), во седумнаесет со таткото, во еден случај со блиски сродници и во еден во згрижувачко семејство.




**Слика 4: Со кого живеало дете/ца при донесување на решение**

Центарот за социјална работа спроведува постапки за остварување на правото на детето да одржува контакти со родител/близок сродник со кој не живее во ситуации на разделеност на родителте, со или без покрената тужба за развод, односно во тек на мировна постапка и после развод по спроведена проценка дека е во најдобар интерес на детето контакттие да се одвиваат под надзор.

**Табела 10. Статус на детето во време на донесување на решение**

| Состојба | Број на случаи |
|---|---|
| Доверно на мајката | 37 |
| Доверено на таткото | 11 |
| При доверување децата биле разделени | 0 |
| Постапката за доверување била во тек | 5 |
| Немало постапка за доверување | 1 |
| Под старателство | 2 |
| Друго | 2 |
| **Вкупно** | **58** |

Праксата и досегашнте анализи на ова подрачје укажуваат на висок процент (≈80%) на доверување на децата на мајка што се потврди од добиените податоци од прашалниците: од четриесет и осум (48) случаи со завршени постапки за доверување на дете/ца, во 77% доверување е кај мајка.

## 3. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

Законот за семејството го дефинира родителското право, за кое се истакнува дека им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво и го вклучува правото на родителот со кого детето не живее да одржува лични односи со своето дете. Родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено, а во случај на несогласување решава центарот за социјална работа.

Овој закон го регулира прашањето за чување и воспитување на децата кое може да биде уредено со спогодба помеѓу родителите, или со решение на ЦСР, ако за тоа родителите не можат да се спогодат или ако нивната спогодба не одговара на интересите на детето, како и можноста ЦСР да донесе ново решение за доверување на детето на чување и воспитание, ако тоа го бараат изменетите околности, по службена должност или по барање на еден од родителите.

Фактичката состојба која се однесува на реализација на контактите и дали тие биле институционално уредени во претходниот период, се елементи на проценка во постапка за донесување на решение за одржување на контактите под надзор.




**Слика 5: Одвивање на контакти пред решение**

Податоците покажуваат дека контактите на детето со родителот со кого не живее пред донесување на решението под надзор во најголем број биле регулирани со решение на ЦСР (15) или не се водела постапка во ЦСР (15). Во шест случаи решението на ЦСР се реализирало со потешкотии, а во пет воопшто не се реализирало. По меѓусебен договор меѓу родителите видувањата се одвивале во десет случаи, а во три случаи родителите постигнале спогодба во ЦСР за контакти на детето со родителот со кого не живее.

Констатирано е дека начинот на кој претходно се одвивале контактите е различен, а прекин или невоспоставени контакти и релација на детето со родителот /близок сродник со кој не живее, се состојби кои довеле до потреба контактие да се уредат под надзор.




**Слика 6: Прекин на контакти пред решение**

Од податоците добиени од прашалникот се констатира дека од вкупниот број на 58 донесени решенија за контакти под надзор пред донесување на решението во 80% од случаи имало прекин на контактите, и тоа: во период од 3 до 6 месеци во тринаесет (13) случаи, а во исто толкав број прекин на контактите до 3 месеци, потоа следуваат одговорите каде немало прекин на видувања во дванаесет (12) случаи, во седум (7) случаи контактите биле прекинати повеќе од две години и во период од 6-12 месеци, додека во шест (6) случаи видувањата биле прекинати од 1 до 2 години.

## 4. ПРОЦЕНКА

Во определување на најдобриот интерес на детето да одржува лични односи со другиот родител под надзор, водителот на случај со членовите на стручниот тим треба да реализира активности за проценка на сите факти и околности, на потребата од носење на решение за одржување на контакти под надзор кога за тоа постојат оправдани причини и исполнетост на услови за одржување на лични односи под надзор.

### 4.1. Причини за определување на контакти под надзор

Причините за да се донесе решение детето да остварува контакти со родителот со кого не живее под надзор можат да бидат најразлични, како семејно насилство, подолг прекин на контактите на детето со родителот, високо конфликтни релации меѓу родителите, пројавен отпор на дете/ца за контакти со родител, негативно влијание врз детето на родител/близок сродник со кого не живее и друго.

Во табелата подолу прикажани се добиените одговори на понудените фактори на ризик и причини за донесување на решение под надзор, при што можело да се одберат повеќе одговори така што кај поголем број на случаи биле наведени повеќе причини.

**Табела 11. Фактори на ризик и причини за донесување на решение**

| **Причини** | **Број на случаи** |
|---|---|
| Семејно насилство | 19 |
| Родител со дијагностицирана психичка болест | 3 |
| Родител со дијагностицирана болест на зависност | 1 |
| Интелектуални/ментални ограничувања на родителот | 1 |
| Инструментализација на детето/ца од страна на родителот со кој живее | 8 |
| Индоктринација на родителот со кој детето живее во отуѓување на детето/ца од другиот родител/блиски сродници | 5 |
| Негативно влијание врз детето/ца на родител/близок сродник со кој не живее | 5 |
| Високо конфликтни родителски/семејни релации | 25 |
| Специфична здравствена состојба на детето | 1 |
| Пројавен отпор на дете/ца за контакти со родител/блиски сродници со кој не живее | 21 |
| Подолг временски период на прекин на релација дете - родител/близок сродник без претходно донесено решение на ЦСР | 20 |
| Непочитување на донесено решение за контакти без надзор | 6 |
| Друго | 4 |

Од податоците може да се констатира дека од вкупниот број на донесените решенија за контакти под надзор (58), во најголем број на донесени решенија како причина се наведени високо конфликтни родителски релации 43%, подолг временски период на прекин на релација дете-родител/близок сродник без претходно донесено решение на центарот за социјална работа е наведен во 34% од случаи, во 33% како причина е наведено семејното насилство, додека во 36% на случаи имало пројавен отпор на детето за контакти со родителот/блиски сродници со кој не живее.

Во најмал број на решенијата како причина за контакти под надзор била здравствената состојба на родител или детето, и тоа: дијагностицирана болест на зависност, интелектуални/ментални ограничувања на родителот и специфична здравствена состојба на детето .

### 4.1.1. Семејно насилство

Во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[3] се определени надлежности на центарот за социјална работа. Во случаи на семејно насилство покрај возрасните и децата се жртви на некоја форма на семејно насилство.

[3] Закон за спречување и заштита од насилство брз жените и семејното насилство, Службен весник на РСМ, бр.24/21

Кога како жртва на семејно насилство сторено од страна на еден или двата родители, близок сродник или друго лице согласно Законот[4] се јавува дете, центарот за социјална работа без оглед дали постои согласност на родителот или старателот презема мерки на заштита кои се однесуваат на уредување на односите на родителите и децата, доверување, надзор над вршење на родителското право и старателство и други мерки во зависност од степенот на ризик. Според податоците, во 33% од случаи како причина за донесување на решение за контаките под надзор било семејно насилство.

Праксата покажува, што е потврдено и со податоците добиени од истражувањето, дека двата родители се јавуваат како сторители на семејно насилство.




**Слика 7: Сторител на семејно насилство**

Според податоците во случаите каде имало семејно насилство во поголем број (20) сторителот бил таткото, мајката во девет случаи, додека во вкупно четири случаи сторител било друго лице.

Кога детето е жртва на семејно насилство центарот за социјална работа покрај примена на други мерки на заштита од семејно насилство, како мерка на заштита на детето може времено да ограничи или забрани лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее се додека траат ризикот и последиците од извршеното семејно насилство, во случаи кога тоа е во интерес на детето.

Една од целите на истражувањето е добивање на податоци и информации за поврзаност меѓу донесување на решение на контакти под надзор како мерка на заштита на детето и примена на други мерки на заштита од семејно насилстово.

**Табела 12. Состојба на мерки на заштита од семејно насилство во време на донесување на решение**

| Тек на постапка | Број на случаи |
|---|---|
| Во текот на проценка во ЦСР по пријава за семејно насилство | 4 |
| Во текот на донесени мерки на помош и заштита на жртвата/те од страна на ЦСР | 1 |
| Во текот на судска постапка по предлог на ЦСР за ПМЗ | 4 |

[4] Закон за спречување и заштита од насилство брз жените и семејното насилство, Службен весник на РСМ, бр.24/21, чл.3 ст.3

| | |
|---|---|
| Во текот на судска постапка по предлог на родител-жртва за ПМЗ | 1 |
| Во текот на изречени судски мерки на ПМЗ | 7 |
| По завршени судски мерки на ПМЗ | 2 |
| Друго | 5 |
| Немало семејно насилство | 34 |

Процентуално, податоците покажуваат дека во случаите каде имало семејно насилство (19), најголем број на решенија на одржување на контакти под надзор се донесени во период кога биле изречени судски привремени мерки на заштита (ПМЗ), и тоа во 37% на случаи, во текот на спроведување на проценка во центарот за социјална работа во 21 %, а по завршени ПМЗ кај 10% на случаи.

## 5. СТРУКТУРА НА РЕШЕНИЕ

Заради ефективно следење на решението за одржување  на лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее или близок сродник под надзор на стручни лица, пожелно е решението да има одредена структура, поточно определен временски период во кој би се одржувале видувањата и одредена динамика на истите имајќи ги во предвид претходно наведените причини за носење на вакво решение, возраста на детето и неговите потреби.

Определувањето на временски период на одржување на контактите под надзор во решението е од особена важност како би се надминале или отстраниле причините за носење на решението, а доколку нема ефект да се преземат други мерки на заштита на детето/ца.

**Табела 13. Временски период определен во решение за одржување на контакти**

| **Временски период** | **Број на случаи** |
|---|---|
| 1 месец | 1 |
| 3 месеци | 2 |
| 6 месеци | 0 |
| Во решение не бил определен временски период | 51 |
| Друго | 4 |

Од податоците во табелата може да се констатира дека во најголем број на случаи, и тоа во 88% во решение не бил определен временски период на одржување на контактите под надзор, што оневозможило ефективно следење и преземање навремено мерки за воспоставување видувања кои не се во контролирани услови.

При определување на динамика на контакти потребно е да се внимава на тековните обврски и развојните потреби на секое дете кое е опфатено со решение, а како исклучок може дополнително да се определи и различен термин, динамика и времетраење на контакти на секое

дете одделно. Воедно, определена динамика треба да биде поврзана со фактори на ризик и причини за носење на вакво решение.




**Слика 8: Определена динамика на контакти во решение**

Во поглед на определена динамика на контакти, може да се констатира дека термин *два пати месечно* е најчесто определувана динамика, и тоа во дваесетичетири (24) случаи. Потоа следува *еднаш седмично* во четринаесет (14) случаи, а динамика *еднаш во месецот* била определена во дванаесет (12) решенија. Најмалку определена динамика е *два пати седмично,* и тоа во еден случај.

Во текот на проценката и одредување на времетраењето на одржување на контакти под надзор, важен сегмент е утврдување на фактичката состојба на потребите и можностите на децата и родителите/блиските сродници, но секогаш да се внимава времето да биде определено и да не биде ни предолго ни прекратко, односно да биде оптимално согласно условите и возраста на детето.




**Слика 9: Време на траење на средби определени со решение**

Од горе прикажаните резултати се гледа дека најголем број на случаи 76% или кај четриесет и четири (44) решенија се со определено времетраење од *1 час* , во траење од *2 часа* е кај 10,3% (6) случаи, не било определено во 8,6% (5) случаи и друго.

## 6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕШЕНИЕ

Со донесување на решението како управен акт со кој се уредува начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник истото веднаш стапува на сила и започнува неговата реализација, независно дали е применет правен лек, односно е започната жалбена постапка.

Центарот за социјална работа презема активности за следење на одржувањето на контактите под надзор. Реализација на решението подразбира почитување на определените термини за средби и навремено присуство во  просторијата определена за средбите од страна на двете страни: и родителот со кој детето живее и родителот/блиски сродници на кој/и се уредени контактите. Родителот со кој детето живее има обврска детето навремено да го донесе во центарот и претходно соодветно да го подготви за средбата, со прифаќање и  позитивно исчекување.

Реализацијата на решението ја следи одговорен стручен работник/стручен тим кој во случај на потешкотии и проблеми при одржување на средби, односно при непочитување на решението навремено презема соодветни мерки на помош и заштита. Состојбата и реализацијата на контактите се бележат во Листот за следење на работа со корисникот и се следи дали е согласно со Планот за индивидуална работа со корисникот.




**Слика 10: Реализација на решение**

Од податоците добиени од прашалникот се констатира дека од вкупниот број на донесени решенија за контакти под надзор, во девет случаи средбите се одржувале без потешкотии навремено и уредно со целосно почитување на решението на центарот, во двесет и два (22) случаи средбите се одржувале повремено со одредени потешкотии и прекини, а во деветнаесет (19) решението воопшто не се реализира и средбите не се одржуваат.

Во однос на условите за одржување на контакти под надзор како и место за средби на дете со родител/близок сродник, во решенијата се определени службени простории во центар за социјална работа или некое друго неутрално место надвор од центарот. Во некои центри за социјална работа, во зависност од внатрешната организација и функционирањето има адаптиран простор за реализирање на контакти на дете со родител/близок сродник, прилагодени за работа со деца опремен со игровен и едукативен материјал. Во вакви услови може да се врши целосен надзор над средбите од страна на стручни лица.




**Слика 11: Услови за реализација на решение**

Од прикажаниот преглед се констатира дека најголем дел, односно 71% од контактите под надзор се одржуваат во службени простории на центарот за социјална работа што зависи од внтрешната организација и функционирањето на центарот. Податоците покажуваат дека само едно решение за контакти под надзор се реализира вон ЦСР во друга установа и едно решение се реализира во надворешен простор (парк, игротека).

Карактеристично е дека во ЈУ МЦСР на град Скопје е воспоставена пракса поголем дел од контактите под надзор да се одржуваат во просториите на советувалиштето кое физички е посебен објект, а е организациона единица на центарот за социјална работа со стручен тим кој работи по Програма на советувалиштето и ја следи реализацијата на решенијата.

Надзорот над контактите се спроведува преку непосредно присуство на стручни работници и следење на реализација на решението, на интеракција и комуникација на родител со детето и градење на нивниот однос.

Начинот на следење и вклученост на стручните работници и нивното присуство за времетраење на средбите произлегува од проценката на потребата од вклученост на стручни профили, од индвидивуалните карактеристики на детето/родителите и спецификите на предметот.




**Слика 12: Присуство на стручен работник на средбите**

Податоците добиени од прашалникот упатуваат на тоа дека најчесто водителот на случај го следи одржувањето на контактите под надзор, и тоа за петнаесет (15) решенија, додека за следење на реализација на осум решенија освен водителот на случај вклучен е и друг стручен работник од стручниот тим. Целиот стручен тим следи одржување на контакти под надзор во седум случаи. Реализацијата на тринаесет (13) решенија ја следи друг стручен работник од

центарот за социјална работа. Податоците покажуваат дека во голем број во самото решение е определено присуство на стручни лица, со исклучок на три решенија.

Начинот и времетраењето на присуството на стручното лице при следење на реализација на решенијата за контакти под надзор се различни и зависат од состојбата и потребите на детето и индивидуалните карактеристики на родителите и спецификите на секој конкретен случај. Во некои случаи неопходно е постојано присуство на стручен работник, а особено непосредно по донесување на решението.

Според податоците од применетиот прашалник добиени се сознанија дека најголем процент од случаите (55%) контактите се реализирале со постојано присуство на стручен работник кој за цело време го следи одржувањето на средбите, повремено присуство на стручен работник било кај четири, а во два случаи стручен работник бил присутен на почетокот и на завршување на средбата. Согласно самото решение, во три случаи немало присуство на стручен работник.

За време на одржување на контакти на дете со родител /близок сродник во контролирани услови под надзор на стручни лица најчесто не се уредува да биде во присуство на родителот со кој детето живее. Во одредени случаи се јавува потреба од присуство и на тој родител, заради опуштање на детето и намалување на стрес поради нивната одвоеност, заради намалување на отпор кај детето за средби со другиот родител, приспосување на просторот и сл.




**Слика 13: Присуство на двата родители на средбите**

Според добиените податоци при реализација на средби на детето со родителот/близок сродник во на шеснаесет случаи при на секоја средба бил присутен и родителот со кој детето живее, приближно колку се реализирале без присуство на родителот со кој детето живее (17), додека во шест случаи присуството на родителот со кој детето живее на средбите било повремено.

## 7. ПОСТАПУВАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

Центарот за социјална работа во текот на постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник по донесување на решението за контакти под надзор продолжува со спроведување на услуги на стручна советодвна и советувалишна работа со родителите/блиски сродници и детето.




**Слика 14: Услуга на стручна помош и подршка во ЦСР**

Добиените податоци укажуваат дека центар за социјална работа обезбедил една или повеќе услуги на стручна помош и поддршка на дете и родители кои одржуваат контакти под надзор. Во најголем број случаи била применета советодавна работа за конструктивна родителска комуникација и усогласување на одлучување на битни прашања за детето (60%), како и советодавна работа за надминување на партнерски конфликт и одделување на родителската улога (67%).

Според податоците во шеснаесет (16) случаи или 28% била применета едукативна работа со родител/и за унапредување на родителските вештини и знаења за развојните фази на детето, за начинот на грижа и задоволување на секојдневните потреби на детето. Стручна работа со дете/ца во намалување на последиици од изложеност на утврдени ризици била спроведена во тринаесет (13) случаи или 22%, а мерки на заштита од семејно насилство била применети во девет случаи или 15%.

При детектирани проблеми и потешкотии во остварување на контактите, заради надминување се применуват превентивно-корективни мерки од надзор над вршење на родителското право, покрај укажување на родителите за пропусти во извршување на нивната родителска одговорност, како превентивна мерка применето било и упатување на родители сами или заедно со детето во соодветно советувалиште, здравствена или друга установа или ресурс заради добивање на специјализирана стручна помош, советување и едукација на родителите на конкретни теми од воспитен аспект и др.




**Слика 15: Упатување во ресурс**

Според добиените податоци се констатира дека услуга на упатување била пружена во дваесет (20) случаи од кои најмногу или седумнаесет (17) во советувалиштата при центарот за социјална работа. Упатувања во надворешен ресурс/друга институција имало во седум случаи, и тоа упатувања во Завод за ментално здравје во Скопје, Завод за ментално здравје Битола, упатување на вештачење во постапка за развод на брак и доверување на дете, упатување во Здружение за семејна психотерапија и системска пракса на Р.С.Макдонија-СПАСП-Скопје.

Согласно Законот за семејството, при констатирање на посериозни пропусти во обавување на родителските обврски се применуваат репресивни мерки према еден или двата родители во поглед сите деца или некое од нив. Една од овие мерки на заштита на дете со цел промени на родителски недостатоци е донесување на решение за надзор над вршење на родителското право на еден или и на двата родители, со конкретни задачи и активности за родител/и во зависност од вид и степен на изложеност на детето на ризик, утврдени околности и целосна состојба на случајот.

**Табела 16. Преглед на мерки од надзор над родителско право во време на донесување на решене**

| Примена на мерки | Броj на случаи |
|---|---|
| На мајка | 3 |
| На татко | 2 |
| На двата родители | 6 |
| Немало примена на мерки од надзор на родителско право | 47 |
| **Вкупно** | **58** |

Мерката надзор над вршење родителско право била применета во единаесет (11) случаи што укажува дека во 81% од случаите било проценето дека немало основ да се примени мерка за надзор на вршење на родителскот право.




1

**Слика 16: Родител на кој била применета мерка над вршење на родителско право**

# 8. ЕФЕКТИ ОД ЛОНК ПОД НАДЗОР

Одржувањето на лични односи и непосредни контакти на детето со родител со кој не живее или близок сродник под надзор на стручни лица и следењето и интервенциите од страна на

стручни лица имаат за цел воспоставување, односно ревоспоставување на контактите и нивната релација. За да се постигнат целите неопходно е да се работи со родителите на надминување на нарушени односи и релации, градење на однос на доверба и сигурност и развивање на емотивна блискост.




**Слика 17: Постигнати ефекти кај децата**

Најголем ефект од донесување на решението за контакти на дете со родител/близок сродник во однос на детето според податоците е воспоставување и ревоспоставување на прекинатите контактите на детето со родителот/близок сродник. Во мал број случаи одржувањето на контакти под надзор и воспоставување на однос на дете со родител ја подобрила емоционалната состојба на детето. Ова се должи на потребата и од дополнителна стручна помош (соодветен советувалишен /медицински третман) за надминување на отпорот кај детето.

**Табела 17. Преглед на постигнати ефекти кај родители**

| **Постигнати резултати кај родители** | **Број на случаи** |
|---|---|
| Воспоставена/подобрена меѓусебна родителска/семејна комуникација | 8 |
| Разбирање и прифаќање на родителот со кого детето живее за правото и потреба на детето за контакти со другиот родител/блиски сродници | 14 |
| Разбирање на родителот со кого детето живее за ризикот и последиците поради прекини и индоктринација на релација на детето со другиот родител/блиски сродници | 7 |
| Разбирање на родител/блиски сродници со кого детето не живее за неговите развојни потреби | 17 |
| Воспоставување и одржување на релација на детето со семејството на родителот со кој не живее | 4 |
| Не се постигнати определни цели и очекувани ефекти предвидени со План за индивидуална работа со корисник | 8 |
| Решението не се реализирало | 15 |

Според податоците во табелата со донесување на решение за контакти под надзор од вкупно педесет и осум случаи (58) најголем резултат на позитивни ефекти во однос на родителите имало во делот на разбирање на потребите на детето (14 случаи), од страна на двата родители што е

суштинска промена неопходна за понатамошното непречено остварување на права и интереси на детето. Значително помал ефект се покажа во делот на воспоставувањето и подобрување на родителска и семејна комуникација, како на воспоставување и одржување на релација на детето со другиот родител/близок сродник.

Битен елемент при утврдување на ефектите од донесување на решението за контакти под надзор е детектирање на причините поради кои не се постигнати поставените цели и очекувани резултати на преземената мерка на заштита на правата и интересите на детето.




**Слика 18:Причини за непостигнати ефекти**

Според податоците најчеста констатирана причина поради која не биле постигнати очекуваните ефекти со одржување на контактите под надзор се јавува непочитување на донесеното решение од страна на родителите, и тоа на родителот на кој му се уредени видувањата во дванаесет (12) случаи и на родителот со кој детето живее во тринаесет (13) случаи. Отпорот на детето за средби со родителот/близок сродник е причина поради која решението за контакти под надзор не ги дало посакуваните ефекти во дванаесет случаи и во осум случаи не се постигнати посакуваните ефекти поради ненадминатите конфликтни релации меѓу родителите/семејствата.

Во мал број случаи како причина се јавуваат непроменети ставови на родителот со кој детето живее по однос на почитување на правата и потребите на детето за учество на двата родитела/блиски сродници во животот на детето како и несоработка на родител/блиски сродници со центарот.

По спроведена постапка стручен тим од центарот за социјална работа донесува решение со кое определува личните односи и непосредни контакти на дете со родител или близок сродник да се одржуваат под надзор. Понатаму стручниот тим има обврска да го следи реализирањето на контактите согласно донесеното решение. Во пракса се случува еден стручен тим да ја спроведе постапката, а други стручни работници да ја следат реализацијата на контактите што во одредена мерка влијае на континуитет во постапувањето на центарот.

**Табела 18. Преглед на промени на стручен работник/тим во работа на случај**

| **Примена** | **Број на случаи** |
|---|---|
| Немало промени | 23 |
| Промена на водител на случај | 7 |
| Промена на членови на тимот | 25 |
| **Друго** | **47** |

Во однос на постапувањето по предметите кои се однесуваат на одржување на контакти на дете со родител/близок сродник во контролирани услови под надзор од податоците добиени од применетиот прашалник се констатира дека од вкупно 58 случаи, во 43% случаи имало промена во однос на членови на стручниот тим кој постапува, а во 12 % имало промена само на водителот на случај.

## 9. КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА И ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ

Центарот за социјална работа согласно законската надлежност го уредува односот родител дете и во ситуации кога родителите не можат да се договорат носи решение. Во одредени ситуации со решение за одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител или близок сродник се определува контактите да се одвиваат во котролирани услови во ЦСР под надзор. Според добиените податоци во текот на 2022-ра година од вкупно триесет центри за социјална работа на територија на Република Северна Македонија, во девет центри за социјална работа вкупно биле донесени педесет и осум (58) решенија за одржување на лични односи и непосредни контакти под надзор.

### 9.1. Состојба на основни податоци и обележја на корисници

- Согласно бројот на општини и на жители, очекувано најголем број (45) решенија или 77% се во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

- Од вкупниот број на активни решенија во 2022-ра година, пет биле донесени во периодот 2017-2021 година, од кои три никогаш не се реализирале и не престанале да важат што укажува дека состојбата не е следена во континуитет. Ваквата состојба може да се должи на тоа што во изминатиот период во ЈУМЦСР на град Скопје поради внатрешната организација на центарот имало чести промени на стручни работници кои постапувале.

- Податоците за поврзаност на другите постапки од областа на брак и семејство со донесување на решение за контакти под надзор покажуваат дека во 45% од вкупниот број на случаи, во центарот за социјална работа се водела истовремено и друга постапка. Во најголем процент (53%) истовремено се водела постапката за заштита од семејно насилство, во 46% се водела мировната постапка и доверување на дете.

- Од вкупниот број на решенија 58% биле донесени во постразводен период, а 19% во текот на бракоразводна постапка. Од случаи во кои било завршено доверувањето, во 77% детето/цата се доверени на мајката.

- Податоците покажуваат дека 60% од случаите се однесуваат на контакти со таткото, 26% со мајката, а останатиот дел се однесува на контакти на дете со блиските сродници од кои повеќе се од страна на таткото, што е поврзано со фактичка состојба со кого детето живеело во тој период.

- Покрај тоа што решенијата за контакти под надзор биле донесени по барање на корисници, според податоците 15,5% од решенијата биле донесени по службена должност. Во 40% од случаите против решенијата се воделе жалбени постапки од кои 87% од жалбите биле одбиени. Податоците покажуваат дека нема разлика по однос на подносител на жалба, односно и татко и мајка во еднаков процент биле незадоволни од донесените решенија. Високиот процент на потврдени решенија на центар за социјална работа од страна на Министерството за труд и социјална политика во второстепена постапка дава слика на оправданоста на примена на овој механизам на заштита на детето преку уредување на контактите под надзор.

- Во време на донесување на решението според податоците, најзастапена возрасна група на родителите е на 40-50 годишна возраст, и тоа кај двата родители. Незначителен е број на родители до 30 годишна возраст, а над педесет години имало само неколку татковци. Може да се констатира дека нема значителни разлики по однос на возраста на родителите во време кога се водела постапката за одржување на контактите на детето под надзор, со исклучок на неколку случаи на поголема возраст на татковците што е согласно пракса на склучување на брак на машка популација на поголема возраст од женска.

- По етничка припадност од вкупниот број 86% родителите се од Македонска националност, 6% од Албанска, а податоците покажуваат дека нема значителни разлики во делот на етничката припадност меѓу мајката и таткото.

- Со педесет и осум решенија на контакти под надзор се опфатени вкупно седумдесет и четири деца (74) од кои 95% се деца родени во брак.

- Бројот на деца од едно семејство опфатени со решение се движи од еден до три деца, и тоа во 69% од решенијата контактите се однесуваат на едно дете, 24% на две деца и 7% на три деца, што укажува дека биле вклучени браќа и сестри, односно повеќе или сите деца на родителите во согласност со нивната развојна фаза и други околности. По пол, нешто поголем процент (55%) се деца од женски пол во однос на машки.

- Податоците покажаа дека во времето на донесување на решение најголем број на децата биле во возрасен период од 2-5 години, што укажува на разделување на родителите на мала возраст на детето. Согласно ваквата состојба добиени се податоци дека 11% од вкупниот број на децата во периодот на донесување на решение не биле вклучени во воспитно-образовен процес, што укажува на користење на поддршка околу грижа и чување од страна на блиски сродници.

## 9.2. Фактичка состојба

- Пред донесување на решение на контакти под надзор, во 25% случаи имало решение на центарот за социјална работа со друга динамика.

- Во 80% случаи пред донесување на решение на контакти под надзор имало прекин на контакти на детето со родител/близок сродник со кој не живее, од кои кај 55% случаи прекинот траел помалку од 6 месеци.

- Добиените податоци укажуваат дека во најголем број како причина за уредување на контакти под надзор е високо конфликтната релација помеѓу родителите, односно семејствата. На второто место е подолг прекин на контактите и релација родител/дете што може да се толкува како последица на првата причина, односно поради нарушена комуникација и конфликтни родителски односи. Како тертата причина со сличен процент се издвојуваат семејното насилство и отпорот кај детето за реализација на контактите.

- Податоците укажуваат дека во случаи каде имало семејно насилство како сторител на семејното насилство во голем процент 66 % се јавува таткото, што е во согласност со општата состојба дека во сторители на семејно насилство се мажи.

- Од прашалниците се добиени податоци дека во сите фази на постапката на заштита од семејно насилство имало примена на мерка на заштита на дете преку уредување на контакти под надзор. Од вкупниот број на случаите каде имало семејно насилство, најголем број на решенија на одржување на контакти под надзор биле донесени по изречени судски мерки на ПМЗ, и тоа 36% од вкупно деветнаест случаи со семејното насилство. Може да се констатира дека во центарот за социјална работа решение на контакти под надзор како мерка на заштита на дете најчесто била применувана по изрекување на судски ПМЗ од семејно насилство, односно од кога судот утврдил дека имало семејно насилство и донел мерки спрема сторителот.

## 9.3. Структура и реализација на решение

- Податоците покажаа дека најчесто определувана динамиката на одржување на контакит под надзор во решение е контактите да се одвиваат *два пати месечно*, и тоа во 41% случаи. Потоа следува еднаш седмично во 24% случаи и еднаш во месецот е динамика определена во 20% решенија. Најмалку определена динамика е два пати седмично, во еден случај. Може да се констатира дека решенијата се со различна динамика на одржување на средбите што произлегува од проценка на сите елементи и околности.

- Најголем број на случаи 76% или четириесет и четири (44) решенија се со определено време на траење на средбата од 1 час, во траење од 2 часа е кај 10 % случаи, во 9% не било определено времетраење. Ваквата состојба е очекувана со оглед на причините поради кои контактите се одвиваат под надзор и условите во кои решението се реализира.

- Добиени се податоци дека 16% од донесените решенија на контакти под надзор се реализирале без потешкотии, навремено и уредно. Во 38% случаи средбите се одржувале повремено со одредени потешкотии и прекини. Решенијата воопшто не се реализирале во 33% случаи и средбите не се одржувале. Може да се констатира низок процент на случаи во кои било почитувано и реализирано решение на центарот за одржување на контактите под надзор.

- Податоците укажуваат дека средбите се одвивале во службени простории на центарот за социјална работа, со исклучок на две решенија од кои: едно решение е во друга установа и едно решение се реализира во надворешен простор (парк, игротека).

- При одржување на контакти под надзор присуство само на водител на случај имало во 26% случаи, во 14% бил вклучен и друг стручен работник од стручниот тим, додека целиот стручен тим следел контакти во 12% од случаите. Во 22% при реализација на решенијата бил присутен друг стручен работник од центарот за социјална работа, кој не учествувал во

постапките. Во ЈУ МЦСР на град Скопје решенијата под надзор се одржуваат во просториите на советувалиштето, а средбите ги следат стручни работници кои не биле вклучени во постапките.

- Податоците покажуваат дека во сите решенија било определено присуство на стручни лица за средбите, со исклучок на три решенија.

- Во однос на потребата од присуство на стручен работник/тим при одвивање на контактите под надзор, од податоци се констатира дека во најголем процент од случаите (55%) контактите се реализирале со постојано присуство на стручен работник кој за цело време го следи одржувањето на средбите, повремено кај четири случаи, а во два случаи стручен работник бил присутен на почетокот и на завршување на средбата, додека во три случаи немало присуство на стручен работник.

- За времетраење на одржување на средби под надзор од добиените податоци се констатира дека во 28% на случаи на секоја средба бил присутен и родителот со кој детето живее, приближно колку се реализирале и без неговото присуство. Во 10% од случаите присуството на родителот со кој детето живее на средбите било повремено.

## 9.4. Констатирана состојба во постапувањето на центарот за социјална работа

- Услугата на стручна помош и поддршка во периодот кога решението било активно во најголем број случаи (≈65%) се однесува на советодавна работа со родителите на следниве подрачја: конструктивна родителска комуникација, усогласување на одлучување на битни прашања за детето, надминување на партнерски конфликт и одделување на родителската улога од партнерските конфликти. Истовремено во 28% случаи била применета едукативна работа со родител/и за: унапредување на родителските вештини и знаења за развојните фази на детето и за начинот на грижа и задоволување на секојдневните потреби на детето. Стручната работа со дете/ца за намалување на последиците од изложеност на утврдени ризици била спроведена во 22% случаи, а мерки на заштита од семејно насилство биле применети кај 15% на случаи.

- Услугата на упатување во друг ресурс во период на одржување на контакти под надзор била пружена во 34% случаи, од кои најмногу во советувалиштата при центарот за социјална работа. Упатувања во надворешен ресурс/друга институција имало во 12% случаи. Ваквата состојба се должи на недостиг на соодветни ресурси во РСМ.

- Мерката надзор над вршење родителско право била применета во 19% од случаи што укажува дека во 81% од случаите не била проценета потреба и основ за примена на мерка за надзор на вршење на родителското право. Со оглед на причините поради кои биле носени решенијата за одржување на контакти под надзор, податоците укажуваат на недоволна примена на интервенции и мерки на заштита како корективен надзор над вршење на родителското право, а со цел намалување и елиминирање на ризикот и последици врз детето.

## 9.5. Констатирана состојба за ефектите од одржувањето на личните односи и непосредни контакти под надзор

- Од податоците за постигнување на очекувани ефекти во однос на детето констатирано е дека во мал процент се постигнати позитивни ефекти. Ова може да се должи на: неконзистентноста на интервенциите на стручните работници за следење на индикаторите за одржување на средби во контролирани услови, недоволно насочување и поттикнување на родителите за интеракција кога има период на прекин на контакти, појава на отуѓеност на детето; недостиг на знаење на родителите за создавање атмосфера на игра и начин за развој на доверба

со детето за време на контактите и за воспоставување соработка со другиот родител/близок сродник и друго.

- Во три случаи се создале услови контакти на детето/цата да се одвиваат без надзор. Овој податок укажува на потребата од редовно евалуирање и ревидирање на решенијата за одржување на контакти под надзор односно во моментот кога се постигнати посакуваните резултати и има услови средбите да се одржуваат вон центарот, истото да се уреди со соодветен правен акт или на друг начин за се .

- Во однос на ефекти постигнати со решение за контактите под надзор најголем резултат кај родителите има во разбирање на родителот за потребите на детето што претставува прва фаза на постигнување на промена во однесувањето на родителите. Значително помал ефект се покажа во делот на воспоставување и подобрување на родителска и семејна комуникација, како и на воспоставување и одржување на релација, односно на директини контакти на детето со другиот родител/близок сродник.

- Најчеста причина поради која не се постигнати очекуваните ефекти според податоците е непочитување на донесеното решение, и тоа подеднакво од страна на двата родители, отпор кој детето го манифестира за средби, како и ненадминати конфликтни релации меѓу родителите/семејствата. Вакавата состојба укажува на родителска дисфункционалност и по развод, неретко како последица на нерешен и ненадминат партнерски конфликт што го рефлектираат на родителската улога и негативно влијае на родителските обврски и одговорности и развојот на детето.

- Добиени се податоци дека во 43% случаи имало промена на членови на стручниот тим кој постапува, а во 12 % имало промена само на водителот на случај. Може да се констатира дека кај половина случаи со корисниците работел поголем број на стручни работници, и тоа во најголем дел во ЈУ МЦСР на град Скопје заради промени во внатрешната организација на центарот.

## 10. ПРЕПОРАКИ

- Зајакнување на капацитети на стручните работници од центар за социјална работа за подобро разбирање на потребата, условите и начинот на кој треба да се уреди одржувањето на контактите во контролирани услови под надзор и на професионални компетенции во делот на детектирање и навремено преземање на соодветни мерки на заштита на детето во ситуации на попречување на контактите од страна на родителот и загрозување на правата на детето;

- Обезбедување/подобрување на просторот во центрите за социјална работа за одржување на контакти на детето/близок сродник под надзор во адекватни услови.

- Пружање адекватна и навремена помош и поддршка на семејствата за ревоспоставување/воспоставување и одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник преку мотивирање и упатување на родителите на советување, медијација, психотерапија, специјалистички прегледи или програми за третман на жртви на насилство, сторителите на насилство, зависности и социо-едукативни програми за одговорно родителство и др.;

- Навремена примена на превентивно-корективни мерки од надзор над вршење на родителско право (интервенции насочени кон родителите, членовите на семејството и детето) со

цел постигнување на промена на ставови и однесување на родителите заради намалување и елиминирање на ризикот и остварување на правата на детето.

- Во текот на мировната постапка при проценка на родителските капацитети при доверување, внимание да се посвети на ставовите на родители по однос на улогата и присуството на другиот родител во понатамошниот живот на детето по разводот. Потребно е интензивно да се работи со родителите на разрешување и надминување на меѓусебните конфликти кои се пренесуваат и негативно влијаат на нивните родителски капацитети. При тоа да се дадат јасни насоки на родителите за потребите на детето/ца и последиците по нивниот правилен раст и развој, како и законските последици по родителите при нивното занемарување.

- Во решение да се определи временска рамка на траење на периодот на одржување на контакти под надзор.

- Периодот на одржување на средбите на детето со другиот родител/близок сродник во контролирани услови под надзор произлегува од проценка за секој случај и дете одделно. За постигнување на ефекти препорачливо е да трае до три месеци, еднаш неделно. По исклучок, времетраењето се продолжува во ситуации кога родителите и детето сè уште се вклучени во соодветна програма (советување, психотерапија, програми за сторители на насилство и сл).

- Со оглед на условите во кои се одржуваат конактите под надзор, а кои не се природна средина за детето оптимално траење на средбите и одржување на внимание на детето на комуникација со другиот родител да не надминува 2 часа.

- Пред определување на динамика на контактите, потребно е да се внимава на тековни обврски и развојни потреби на секое дете кое е опфатено со решение. Може да се определи и различен термин, динамика и времетраење на контакти на секое дете одделно доколу тое е во неговиот интерес и согласно индивидуални потреби. Определената динамика треба да биде тесно поврзана со констатирани фактори на ризик на детето и причини за носење на решението за контакти под надзор.

- Во случаи на семејното насилство постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти на детето со сторителот на семејното насилство да се спроведува со особено внимание спрема децата жртви и задолжително да се преземаат мерки на заштита.

- Во континуитет да се следи реализацијата и ефектите на извршување на изречената привремена/ни мерка/и на заштита на детето од семејно насилство и согласно состојбата да се спроведуваат мерки на помош и заштита и други активности кои се во делот на релација родител-дете.

- Кога е тоа во интерес на детето додека трае ризикот и/или последиците од извршеното семејно насилстово да се спроведе проценка од потреба за времено ограничување или забрана на одржување на лични односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник со кој не живее, а кој е сторител на семејното насилство.

- Следењето на реализација на решението на контакти под надзор да се врши од страна на стручно лице преку непосредно присуство на средбите до воспоставување на релација меѓу детето и родителот и создавање на услови сребите да продолжат вон центарот и без надзор.

- Интервенирање во ситуации на манифестиран отпор кај детето и/или кај родителот за реализација на средба преку припрема и вклучување на родителот во средбата заради релаксирање на атмосферата. Присуството на родителот со кој детето живее постепено да се

намалува со цел внимание на детето да се насочи спрема родителот/близок сродник со кој се реализира средбата.

- Континуирано следење, евалуација и репроценка на состојбата, потребите и ефектите од контактите под надзор согласно интегрирано водење на случај.

- Континуитет во пружање услуги на стручна помош и поддршка на корисниците (детето/родителите/блиските сродници) заради ефектуирање на очекувани промени во однесувањето, создавање на квалитетни меѓусебни односи и комуникација со цел остварување на правата и развојните потреби на детето.

- Следење и евалуацијата на случајот по воспоставување функционални односи на релација дете-родител, а одржувањето на личните односи продолжува во природната средина на детето, вон простории на центарот.

- Во ситуации кога постојат показатели за однесувањето на родителите кои укажуваат на висок степен на ризик за детето, ментални нарушувања или зависни болести на родителите, потребно е преземање на репресивни мерки на заштита согласно Законот за семејството.